Врз основа на член 65 став(6) од Законот за животна средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и Сл. Весник на РМ бр.89/22, 171/22, 3/25 и 124/25), Општина Босилово, на ден 14.01.2026 година, донесе

**Одлука за неспроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за ГП 2 со намена Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани (фотоволтаична електрана со капацитет до 1MW), на КП 1482, КП 1483, КП 1498 и КП 1499, КО Штука, Општина Босилово, кој се носи согласно Законот за урбанистичко планирање, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина.
2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на Општина Босилово на следната веб адреса/и: www.opstinabosilovo.gov.mk
3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена и формуларите за потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ рбанистички проект вон опфат на урбанистички план за ГП 2 со намена Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани (фотоволтаична електрана со капацитет до 1MW), на КП 1482, КП 1483, КП 1498 и КП 1499, КО Штука, Општина Босилово, нема да има негативно влијание врз животната средина.
4. Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен во рок од 15 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната www.opstinabosilovo.gov.mk

Бр.09-67/1
Датум:14.01.2026г.
Место: Босилово

**Општина Босилово**
**Градоначалник**
**Ристо Манчев**

Република Северна Македонија • Градоначалник • Општина Босилово • Босилово